Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес во подобрување на јавната чистота на целата територија на РМ, преку оценка на активностите кои надлежните субјекти ги преземаат со цел подобрување на квалитетот на јавната чистота. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со активноста. Во таа насока се фокусиравме на законската регулатива за јавна чистота, односно дали со законската регулатива за јавна чистота е постигната целта за подобрување на јавната чистота и дали истата овозможува ефикасна примена на законот на цела територија на РМ, техничката и финансиската подготвеност на општините и ЈКП, како и едукацијата и свеста на граѓаните за одржување на јавната чистота.

Со ревизијата опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- Структура на политики и законска регулатива од областа на јавната чистота и институционална и организациона поставеност на централната и локалната власт во однос на комуналните дејности;
- Имплементација на Законот за јавна чистота од страна на локалната самоуправа;
- Финансирање на јавната чистота;
- Техничка, организациона и кадровска поставеност на општините и ЈКП за спроведување на Законот за јавна чистота;
- Подигање на јавната свест;

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за примената на законската и подзаконската регулатива во областа на јавната чистота, координацијата помеѓу институциите кои се надлежни за донесување и спроведување на законската регулатива, техничката и финансиската подготвеност на општините и ЈКП за спроведување на актите за јавна чистота, како и превземените мерки од страна на централната и локалната власт за запознавање на граѓаните со законот и подигање на јавната свест кај граѓаните.

Резултатите од ревизијата се презентирани во извештајот на ДЗР. Со извештајот надлежните институциите ќе се информираат за степенот на имплементацијата на Законот за јавна чистота од аспект на актите кои треба да се донесат во функција на утврдување на соодветни мерила и критериуми за поефикасен начин на финансирање на комуналната дејност – јавна

чистота во РМ. Исто така, ќе бидат презентирани утврдените состојби и неправилности и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат во интензивирање на процесите за донесување и имплементација на под законските акти од областа на јавна чистота.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



Ревизорски тим:
1. ________________
2.________________
3. ________________
4.________________
5.________________

Овластен државен ревизор
________________________